Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës se Maqedonisë", ndërsa do të fillojë të zbatohet nga 1 dhjetori 2016.

---

**3260.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за градење,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јули 2016 година.

Бр. 08-3243/1
14 јули 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ**

Член 1

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16 и 71/16) во членот 29 став (1) во алинејата 2 по зборот „проект,“ се додаваат зборовите: „а доколку е издадено одобрение за градење врз основа на идеен проект согласно со Законот за технолошки индустриски развојни зони и Законот за индустриски-зелени зони да изведува градежни работи согласно одобрението за градење и идејниот проект,“.

Член 2

Во членот 36 став (1) во алинејата 1 по зборовите: „одобрението за градење,“ се додаваат зборовите: „а доколку е издадено одобрение за градење врз основа на идеен проект согласно со Законот за технолошки индустриски развојни зони и Законот за индустриски-зелени зони да врши проверка над изградбата дали истата е во согласност со идејниот проект и одобрението за градење,“.

Член 3

Во членот 57 став (1) по зборовите: „градби за потребите на граничните премини,“ се додаваат зборовите: „градби предвидени со урбанистичко-планска документација за градби од посебен интерес (освен градби за индивидуално домување),“.

Во ставот (2) по зборовите: „градби за индивидуално домување,“ се додаваат зборовите: „градби за индивидуално домување предвидени со урбанистичко-планска документација за градби од посебен интерес,“.

Член 4

Во членот 59-ѕ по ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:

„(6)Одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член, не се применуваат за надградба на објекти за индивидуално домување изградени во опфат на кој согласно урбанистички план или урбанистичко-планска документација е предвидена изградба на објект од јавен интерес утврден со закон.“

Член 5

По членот 78-а се додава нов член 78-б кој гласи:

„Член 78-б

(1) Доколку при изградба на државен пат или железничка пруга потребно е да се изврши дислокација на далновод или трафостаница, се спроведува постапка за дислокација на енергетски објект.

(2) Дислокацијата на енергетски објект од став (1) на овој член се спроведува врз основа на одобрен проект за дислокација на енергетски објект.

(3) За одобрување на проект за дислокација на енергетски објект, операторот на електродистрибутивниот систем во чии рамки е далноводот и/или трафостаницата кои се предмет на дислоцирање, поднесува барање до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, кон кое се доставува проект за дислокација на енергетски објект со позитивен извештај за ревизија на истиот.

(4) Надлежниот орган од став (3) на овој член, должен е во рок од пет работни дена да донесе решение за одобрување на проектот за дислокација на енергетски објект и да го завери проектот со заверка и печат или да достави известување за констатирани недостатоци до подносителот на барањето.Доколку подносителот на барањето за одобрување на проектот за дислокација на енергетски објект не ги отстрани констатираните недостатоци во рок од 10 работни дена од приемот на известувањето за констатирани недостатоци, надлежниот орган од став (3) на овој член донесува решение за одбивање на барањето.

(5) Техничкиот преглед на дислоцираните енергетски објекти од ставот (1) на овој член, го врши надзорен инженер со овластување А за вршење на надзор над изградбата на градби и истите се ставаат во употре-

ба по изготвување на извештај за извршен технички преглед согласно член 90 став (3) од овој закон, во кој е констатирано дека далноводот односно трафостаницата се изградени согласно проектот за дислокација на енергетски објект и дека може да се ставaт во употреба.

(6) Правосилното решение за одобрување проектот за дислокација на енергетски објект претставува правен основ за прибележување, предбележување и укнижување на правото на сопственост на далноводот односно трафостаницата во јавната книга за запишување на правата на недвижности.

(7) Доколку земјиштето на кое е предвидено да се постават столбовите на далноводот или да се изгради трафостаница е во сопственост на физички или правни лица, операторот не електродистрибутивниот систем чиј далновод односно трафостаница е предмет на дислокација, должен е по донесување на решението за одобрување на проектот за дислокација на енергетски објект да обезбеди договор за долготраен закуп за земјиштето склучен со сопственикот на земјиштето или согласност од сопственикот на земјиштето за поставување на столбот односно изградба на трафостаницата или да заснова право на службеност на предметното земјиште или во постапка за експропријација да е донесена одлука за воведување во владение на земјиштето согласно со Законот за експропријација, а во спротивно далноводот односно трафостаницата не може да се стави во употреба.

(8) Дислоцираните енергетски објекти од став (1) на овој член, за кои е изготвен извештај за извршен технички преглед согласно член 90 став (3) од овој закон, во кој е констатирано дека далноводот односно трафостаницата се изградени согласно проектот за дислокација на енергетски објект а за кои во постапка на експропријација е донесена одлука за воведување во владение на земјиштето согласно со Законот за експропријација, може да се стават во употреба, но не можат да се запишат во јавната книга за недвижности се до решавање на имотно-правните односи со сопственикот на земјиштето на кое истите се изградени.

(9) Дислокацијата на далновод и трафостаница при изградба на државен пат или железничка пруга претставува јавен интерес.

(10) Формата и содржината на проектот за дислокација на енергетски објект и на решението за одобрување на проектот за дислокација на енергетски објект ги пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот."

Член 6

Во членот 86 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Во случаите кога е издадено одобрение за градење согласно со Законот за технолошки индустриски развојни зони и Законот за индустриски-зелени зони, изведувачот е должен на градилиштето да ја има документацијата врз основа на која е издадено одобрението за градење согласно Законот за технолошки индустриски развојни зони и Законот за индустриски-зелени зони."

Член 7

Во членот 87 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) По исклучок од став (4) на овој член, за линиски инфраструктурни објекти кои што се државни патишта, локални патишта и улици, водоснабдителни и канализациони системи, железнички пруги, гасоводи, далноводи, продуктоводи, топловоди, нафтоводи, жичари, системи за наводнување и одводнување, магистрални и собирни улици на подрачјето на градот Скопје како и хидроцентрали и брани со акумулации, одобрението за употреба на објектот може да му се издаде на инвеститорот, доколку во постапка за експропријација е донесена одлука за воведување во владение на земјиштето согласно со Законот за експропријација."

Ставовите (5), (6), (7), (8) и (9) стануваат ставови (6), (7), (8), (9) и (10).

Член 8

Во членот 88 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) По исклучок од став (3) на овој член, за линиски инфраструктурни објекти кои што се државни патишта, локални патишта и улици, водоснабдителни и канализациони системи, железнички пруги, гасоводи, далноводи, продуктоводи, топловоди, нафтоводи, жичари, системи за наводнување и одводнување, магистрални и собирни улици на подрачјето на градот Скопје како и хидроцентрали и брани со акумулации, за кои во постапка за експропријација е донесена одлука за воведување во владение на земјиштето согласно Законот за експропријација, покрај документацијата од став (2) на овој член, инвеститорот е должен со барањето да достави одлука за воведување во владение на земјиштето донесена согласно со Законот за експропријација."

Ставот (4) станува став (5).

Член 9

Во членот 90 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6) кои гласат:

„(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, за линиски инфраструктурни објекти кои што се државни патишта, локални патишта и улици, водоснабдителни и канализациони системи, железнички пруги, гасоводи, далноводи, продуктоводи, топловоди, нафтоводи, жичари системи за наводнување и одводнување, магистрални и собирни улици на подрачјето на градот Скопје како и хидроцентрали и брани со акумулации, градбата може да се стави во употреба доколку во постапка за експропријација е донесена одлука за воведување во владение на земјиштето согласно Законот за експропријација.

(6) Во случаите кога при вршење на технички преглед на градба за потребите на државни органи, агенции и фондови основани од Република Македонија и правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Македонија, Комисијата односно надзорниот инженер констатираат дека не е изграден локален пат или улица на кои треба да се приклучи градбата, истата може да се стави во употреба, доколку при вршење на техничкиот преглед согласно ставовите (2) и (3) на овој член не се утврдени други недостатоци поради кои градбата не може да се стави во употреба.“

Ставот (5) станува став (7).

Член 10

Во членот 96 по став (6) се додава нов став (7) кој гласи:

„(7) По исклучок од став (6) на овој член, линиските инфраструктурни објекти кои што се државни патишта, локални патишта и улици, водоснабдителни и канализациони системи, железнички пруги, гасоводи, далноводи, продуктоводи, топловоди, нафтоводи, жичари, системи за наводнување и одводнување, магистрални и собирни улици на подрачјето на градот Скопје како и хидроцентрали и брани со акумулации, за кои е издадено одобрение за употреба согласно член 93 став (1) на овој закон односно за кои е изготвен извештај за извршен технички преглед согласно член 90 став (3) од овој закон во кој е констатирано дека може да се стават во употреба, а за кои во постапка за експропријација е донесена одлука за воведување во владение на земјиштето согласно со Законот за експропријација, не можат да се запишат во јавната книга за недвижности се до решавање на имотно-правните односи со сопственикот на земјиштето на кое истите се изградени.“

Член 11

Постапките за издавање на одобрение за употреба за линиски инфраструктурни објекти кои што се државни патишта, локални патишта и улици, водоснабдителни и канализациони системи, железнички пруги, гасоводи, далноводи, продуктоводи, топловоди, нафтоводи, жичари, системи за наводнување и одводнување, магистрални и собирни улици на подрачјето на градот Скопје како и хидроцентрали и брани со акумулации, кои се започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат согласно одредбите на овој закон.

Член 12

Постапките за издавање на одобрение за надградба на објекти за индивидуално домување согласно членот 59-ѕ на овој закон, кои се започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат согласно одредбите на овој закон.

Член 13

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 14

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.“

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR NDËRTIM

Neni 1

Në Ligjin për ndërtim ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16 dhe 71/16) në nenin 29 paragrafi (1) në alinenë 2 pas fjalës "projekt", shtohen fjalët: “e nëse është lëshuar leje për ndërtim në bazë të projektit ideor në pajtim me Ligjin për zona zhvillimore industriale teknologjike dhe Ligjin për zona të gjelbra industriale të realizojë punë ndërtimore në pajtim me lejen për ndërtim dhe projektin ideor,".

Neni 2

Në nenin 36 paragrafi (1) në alinenë 1 pas fjalëve: “leja për ndërtim," shtohen fjalët: “e nëse është lëshuar leja për ndërtim në bazë të projektit ideor në pajtim me Ligjit për zona zhvillimore industriale teknologjike dhe Ligjit për zona të gjelbra industriale të kryejë kontroll mbi ndërtimin nëse i njëjti është në pajtim me projektit ideor ose lejen për ndërtim,".

Neni 3

Në nenin 57 paragrafi (1) pas fjalëve: “objekte për nevojat e vendkalimeve kufitare", shtohen fjalët: “objekte të parapara me dokumentacionin e planit urbanistik për ndërtesa me interes të veçantë,".

Në paragrafin (2) pas fjalëve: "objekte për banim individual," shtohen fjalët: "objekte për banim individual të parapara me dokumentacionin e planit urbanistik për ndërtesa me interes të veçantë,".

Neni 4

Në nenin 59-x pas paragrafit (5) shtohet paragraf i ri (6) si vijon:

"(6) Dispozitat nga paragrafët (1), (2), (3), (4) dhe (5) të këtij neni, nuk zbatohen për mbindërtim të objekteve për banim individual të ndërtuara në përfshirje në të cilën në pajtim me planin urbanistik ose dokumentacionin e planit urbanistik është paraparë ndërtim i objektit me interes publik të përcaktuar me ligj."

Neni 5

Pas nenit 78-a shtohet nen i ri 78-b si vijon:

"Neni 78-b

(1) Nëse gjatë ndërtimit të rrugës shtetërore ose hekurudhës nevojitet të bëhet dislokimi i largpërçuesit ose trafostacionit, zbatohet procedurë për dislokim të objektit energjetik.

(2) Dislokimi i objektit energjetik nga paragrafi (1) i këtij neni zbatohet në bazë të projektit të miratuar për dislokim të objektit energjetik.

(3) Për miratimin e projektit për dislokim të objektit energjetik, operatori i sistemit elektrodistributiv në kuadër të të cilit është largpërçuesi dhe/ose trafostacioni që janë lëndë e dislokimit, parashtron kërkesë te organi i administratës shtetërore kompetent për kryerjen e punëve nga sfera e rregullimit të hapësirës, me të cilën dorëzohet projekti për dislokimin e objektit energjetik me raport pozitiv për revizionin e të njëjtit.

(4) Organi kompetent nga paragrafi (3) i këtij neni, është i detyruar që në afat prej pesë ditë pune të miratojë aktvendim për miratimin e projektit për dislokim të objektit energjetik dhe ta verifikojë projektin me verifikim dhe vulë ose të dorëzojë njoftim për mangësitë e konstatuara te parashtruesi i kërkesës. Nëse parashtruesi i kërkesës për miratimin e projektit për dislokim të objektit energjetik nuk i mënjanon mangësitë e konstatuara në afat prej 10 ditësh pune nga pranimi i njoftimit për mangësitë e konstatuara, organi kompetent nga paragrafi (3) i këtij neni miraton aktvendim për refuzimin e kërkesës.

(5) Kontrollin teknik të objekteve të dislokuara energjetike nga paragrafi (1) i këtij neni e kryen inxhinieri mbikëqyrës me autorizim A për kryerjen e mbikëqyrjes së ndërtimit të objekteve dhe të njëjtat vihen në përdorim pas përpilimit të raportit për kontroll të kryer teknik në pajtim me nenin 90 paragrafi (3) të këtij ligji, në të cilin është konstatuar se largpërçuesi përkatësisht trafostacioni janë ndërtuar në pajtim me projektin për dislokim të objektit energjetik dhe se mund të vihen në përdorim.

(6) Aktvendimi i plotfuqishëm për miratim të projektit për dislokim të objektit energjetik paraqet bazë juridike për shënim, parashënim dhe regjistrim të së drejtës së pronësisë të largpërçuesit përkatësisht trafostacionit në librin publik për regjistrim të të drejtave të patundshmërive.

(7) Nëse toka në të cilën është paraparë të vendosen shtyllat e largpërçuesit ose të ndërtohet trafostacioni është në pronësi të personave fizikë ose juridikë, operatori i sistemit elektrodistributiv largpërçuesi përkatësisht trafostacioni i të cilit është lëndë e dislokimit, është i detyruar që pas miratimit të aktvendimit për miratim të projektit për dislokim të objektit energjetik të sigurohjë marrëveshje për qiramarrje afatgjate për tokën të lidhur me pronarin e tokës ose pëlqim nga pronari i tokës për vendosje të shtyllës përkatësisht ndërtim të trafostacionit ose të themelojë të drejtë të servitutit të tokës në fjalë ose në procedurë për eksproprijim të jetë miratuar vendim për vendosje në zotërim të tokës në pajtim me Ligjin për eksproprijim, e në të kundërtën largpërçuesi përkatësisht trafostacioni nuk mund të vihet në përdorim.

(8) Objektet e dislokuara energjetike nga paragrafi (1) i këtij neni, për të cilat është hartuar raport për kontrollin e kryer teknik në pajtim me nenin 90 paragrafi (3) të këtij ligji, në të cilin është konstatuar se largpërçuesi përkatësisht trafostacioni janë ndërtuar në pajtim me projektin për dislokimin e objektit energjetik, e për të cilat në procedurën e eksproprijimit është miratuar vendimi për vendosje në zotërim të tokës në pajtim me Ligjin për eksproprijim, mund të vihen në përdorim, por nuk mund të regjistrohen në librin publik për patundshmëri deri në zgjidhjen e marrëdhënieve juridike pronësore me pronarin e tokës në të cilën të njëjtat janë ndërtuar.

(9) Dislokimi i largpërçuesit dhe trafostacionit gjatë ndërtimit të rrugës shtetërore apo vijës hekurudhore paraqet interes publik.

(10) Formën dhe përmbajtjen e projektit për dislokimin e objektit energjetik dhe të aktvendimin për miratimin e projektit për dislokimin e objektit energjetik, i përcakton ministri që udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për kryerjen e punëve nga sfera e rregullimit të hapësirës."

Neni 6

Në nenin 86 pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3) si vijon:

"(3) Në rastet kur është lëshuar leja për ndërtim në pajtim me Ligjin për zona zhvillimore industriale teknologjike dhe Ligjin për zona të gjelbra industriale, realizuesi ka për detyrë që në vendin e ndërtimit ta ketë dokumentacionin në bazë të të cilit është lëshuar leja për ndërtim në pajtim me Ligjin për zona zhvillimore industriale teknologjike dhe Ligjin për zona të gjelbra industriale."

Neni 7

Në nenin 87 pas paragrafit (4) shtohet paragraf i ri (5) si vijon:

"(5) Me përjashtim nga paragrafi (4) i këtij neni, për objektet infrastrukturore në linjë të cilat janë rrugë shtetërore, rrugë dhe rrugica lokale, sisteme të furnizimit me ujë dhe sisteme të kanalizimit, vija hekurudhore, gazsjellës, largpërçues, përçues të produkteve, përçues të nxehtësisë, naftësjellës, teleferikë, sisteme për ujitje dhe kullim, rrugë magjistrale dhe mbledhëse në zonën e qytetit të Shkupit si dhe hidrocentrale dhe diga me akumulime, leja për përdorimin e objektit mund t'i lëshohet investuesit, nëse në procedurën për eksproprijim është miratuar vendim për vendosje në zotërim të tokës në pajtim me Ligjin për eksproprijim."

Paragrafët (5), (6), (7), (8) dhe (9) bëhen paragrafë (6), (7), (8), (9) dhe (10).

Neni 8

Në nenin 88 pas paragrafit (3) shtohet paragraf i ri (4) si vijon:

"(4) Me përjashtim nga paragrafi (3) i këtij neni, për objektet infrastrukturore në linjë të cilat janë rrugë shtetërore, rrugë dhe rrugica lokale, sisteme të furnizimit

me ujë dhe sisteme të kanalizimit, vija hekurudhore, gazsjellës, largpërçues, përçues të produkteve, përçues të nxehtësisë, naftësjellës, teleferikë, sisteme për ujitje dhe kullim, rrugë magjistrale dhe mbledhëse në zonën e Qytetit të Shkupit si dhe hidrocentrale dhe diga me akumulime, për të cilat në procedurën për eksproprijim është miratuar vendimi për vendosje në zotërim të tokës në pajtim me Ligjin për eksproprijim, krahas dokumentacionit nga paragrafi (2) të këtij neni, investuesi ka për detyrë që me kërkesë të dërgojë vendim për vendosje në zotërim të tokës të miratuar në pajtim me Ligjin për eksproprijim."

Paragrafi (4) bëhet paragraf (5).

Neni 9

Në nenin 90 pas paragrafit (4) shtohen dy paragrafë të rinj (5) dhe (6) si vijojnë:

"(5) Me përjashtim nga paragrafi (4) i këtij neni, për objektet infrastrukturore në linjë të cilat janë rrugë shtetërore, rrugë dhe rrugica lokale, sisteme të furnizimit me ujë dhe sisteme të kanalizimit, vija hekurudhore, gazsjellës, largpërçues, përçues të produkteve, përçues të nxehtësisë, naftësjellës, teleferikë, sisteme për ujitje dhe kullim, rrugë magjistrale dhe mbledhëse në zonën e qytetit të Shkupit si dhe hidrocentrale dhe diga me akumulime, ndërtimi mund të vihet në përdorim nëse në procedurën për eksproprijim është miratuar vendimi për vendosje në zotërim të tokës në pajtim me Ligjin për eksproprijim.

(6) Në rastet kur gjatë kryerjes së kontrollit teknik të objektit për nevojat e organeve shtetërore, agjencive dhe fondeve të themeluara nga Republika e Maqedonisë dhe persona juridikë në pronësi të plotë ose dominuese të Republikës së Maqedonisë, Komisioni përkatësisht inxhinieri mbikëqyrës konstatojnë se nuk është ndërtuar rrugë ose rrugicë lokale në të cilën duhet të lidhet objekti, i njëjti mund të lëshohet në përdorim, nëse gjatë kryerjes së kontrollit teknik sipas paragrafëve (2) dhe (3) të këtij neni nuk konstatohen mangësi të tjera për shkak të të cilave objekti nuk mund të lëshohet në përdorim."

Paragrafi (5) bëhet paragraf (7).

Neni 10

Në nenin 96 pas paragrafit (6) shtohet paragraf i ri (7) si vijon:

"(7) Me përjashtim nga paragrafi (6) i këtij neni, objektet infrastrukturore në linjë të cilat janë rrugë shtetërore, rrugë dhe rrugica lokale, sisteme të furnizimit me ujë dhe sisteme të kanalizimit, vija hekurudhore, gazsjellës, largpërçues, përçues të produkteve, përçues të nxehtësisë, naftësjellës, teleferikë, sisteme për ujitje dhe kullim, rrugë magjistrale dhe mbledhëse në zonën e qytetit të Shkupit si dhe hidrocentrale dhe diga me akumulime, për të cilat është lëshuar leja për përdorim në pajtim me nenin 93 paragrafi (1) të këtij ligji përkatësisht për të cilat është hartuar raporti për kontrollin e kryer teknik në pajtim me nenin 90 paragrafi (3) të këtij ligji në të cilin është konstatuar se mund të vihen në përdorim, e për të cilat në procedurën për eksproprijim është miratuar vendim për vendosje në zotërim të tokës në pajtim me Ligjin për eksproprijim, nuk mund të regjistrohen në librin publik të patundshmërive deri në zgjidhjen e marrëdhënieve juridike pronësore me pronarin e tokës në të cilën të njëjtat janë ndërtuar."

Neni 11

Procedura për lëshimin e lejes për përdorim për objektet infrastrukturore në linjë të cilat janë rrugë shtetërore, rrugë dhe rrugica lokale, sisteme të furnizimit me ujë dhe sisteme të kanalizimit, vija hekurudhore, gazsjellës, largpërçues, përçues të produkteve, përçues të nxehtësisë, naftësjellës, teleferikë, sisteme për ujitje dhe kullim, rrugë magjistrale dhe mbledhëse në zonën e qytetit të Shkupit si dhe hidrocentrale dhe diga me akumulime, të cilat kanë filluar deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji do të vazhdojnë në pajtim me dispozitat e këtij ligji.

Neni 12

Procedurat për lëshimin e lejes për mbindërtimin e objekteve për banim individual në pajtim me nenin 59-s të këtij ligji, të cilat kanë filluar deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji do të vazhdojnë në pajtim me dispozitat e këtij ligji.

Neni 13

Akti nënligjor i paraparë me këtë ligj do të miratohet në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 14

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3261.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.7.2016 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ТРАНСПОРТ МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за изменување на Статутот на Акционерското друштво за транспорт Македонски железници транспорт АД - Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/2016).